# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 1 Година I 10.12.2008


# МОДЕРНА СООБРАЌАЈНИЦА ПО СВЕТСКИ ТЕРК



## СЕДУМ МИЛИОНИ ЕВРА ЗА СИГУРНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Првиот број на информативното гласило “СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

“СКОПЈЕ”

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

**Главен и одговорен уредник**
Љупчо Пандиловски

**Заменик уредник**
Елена Кузмановска

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Трифун Костовски**
Булевар Илинденска бб

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил - адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

ДИЗАЈН: РЕПРИНТ

Фотографии на насловна
Андреј Гиновски
и на последна страна
Радомир Јовановиќ



# Почитувани сограѓани

Пред Вас е првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“. Наша намера е да обезбедиме Ваше целосно и квалитетно информирање за работата на Градоначалникот и Градската администрација, јавните претпријатија и културните институции во Градот Скопје. Транспарентноста во нашето работење е услов за отчетноста пред Вас.

Живееме во време на силен развој и глобализација на медиумите. Живееме во време кога информацијата е клучот на разбирањето и освојувањето на граѓанските права и слободи. Затоа со овој проект се определуваме лично и редовно да Ви се обраќаме за да знаете каде и како се трошат Вашите пари, за да знаете дали сме доследни во остварувањето на програмите и ветувањата. За да знаете кои се вистинските проблеми.

Се определивме и за интерактивност на гласилото за да можете непосредно да влијаете со Вашите ставови, оценки и коментари. За да можете да влијаете во одлучувањето и управувањето со градот. Ова е Ваше гласило, Ваш прозорец во градската управа. Се надевам дека успешно и квалитетно ќе ја оствариме целта.

**Градоначалник**
**на Град Скопје**
**Трифун Костовски**

## Од Редакцијата

Град Скопје е лидер во транспарентното работење, не само меѓу единиците на локалната самоуправа, туку и пошироко во системот на државната управа. Издавањето информативно гласило е само уште еден сегмент кој ќе ја зацврсти лидерската позиција на Градот.

Директната комуникација со гласилото Ви овозможува да го засилите Вашето учество во работата и одлучувањето во Градот, притоа поставувајќи ги вашите прашања, критики, сугестии и предлози директно до Градоначалникот или до одговорните во градската администрација. Покрај писмата до редакцијата, Вашите прашања и сугестии, можете да ги поставувате и телефонски, на посебната граѓанска линија 3297-255 секој работен ден до 16.30 часот или пак на е-маил gragjani@skopje.gov.mk.

Информативното гласило „СКОПЈЕ“ Ви припаѓа Вам почитувани граѓани и со нетрпение ги очекува Вашите јавувања!

# ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА НА КАЊОНОТ МАТКА



Градот Скопје и невладината организација „Фагриком“ го завршија проектот за Заштита и ревитализација на биолошката разновидност со промоција на одржливиот туризам по должината на кањонот Матка, што го реализираа од почетокот на годинава. Во Кањонот, Градот Скопје досега ја уреди патеката од клинот до изворот Врело во должина од четири километри.

По должината на патеката се поставени заштитни јажиња, а во дел, метална ограда. Старите канделабри се заменети со нови, поставени се 12 нови клупи и маси, а уредено е и платото пред Планинарскиот дом.

- За посетителите се наместени информативни табли, а за другите подетални информации за кањонот Матка граѓаните ќе можат да се обратат во новоотвореното информативно биро. Нашиот проект предвидува организирање работилници на кои локалните жители ќе се едуцираат за заштита на биодиверзитетот во кањонот Матка. Децата од основните училишта ќе имаат можност да учат за управувањето со отпадот, а ќе се организираат и работилници за изработка на сувенири од природни материјали кои ќе се продаваат во Информативното биро на Матка. На тој начин ќе се заштити Кањонот и живиот свет што го населува, а локалните жители ќе добијат шанса за вработување – објаснуваат од Одделението за туризам во Градот Скопје.

Оттаму додаваат дека наредната година Градот Скопје ќе одвои средства за купување еколошки чамец кој ќе биде безбеден за туристите, но и за средината.

За реализација на проектот за заштита на биодиверзитетот на Матка Градот Скопје обезбеди 1.930.000 денари, Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) 2.128.500 денари, а општината Сарај 44.750 денари. Невладината организација „Фагриком“ проектот го поддржа со 735.800 во материјали.

По иницијатива на градоначалникот Трифун Костовски, со усвојувањето на ребалансот на буџетот на Град Скопје за 2008 година од страна на Советот на Град Скопје, градските власти ќе вложат дополнителни 10 милиони денари за ревитализација на Кањонот Матка.

Финансиските средства се предвидени за изградба на висечки мост и пешачка патека во кањонот Матка кои на посетителите ќе им обезбедат полесен пристап до трите пештери во кањонот Матка.

Е.К. - Т.С.

## Иницијатива за изградба на жичарница

Градоначалникот Трифун Костовски минатата недела пред повеќе професори од Архитектонскиот, Градежниот и од Машинскиот факултет ја претстави иницијативата на Град Скопје за изградба на жичарница на релација Средно Водно-МилениумскиКрст-Кањон Матка.

Костовски нагласи дека проектот ќе овозможи промоција и достапност до уникатната убавина на Матка, промовирање на нејзините пештери во туристичка атракција и обновување на Матка како духовно светилиште преку реконструкција на бројните манастири и на инфраструктурата.

Градот Скопје наскоро планира да распише конкурс за изработка на комплетно идејно решение за поставување на жичарницата, во кое ќе бидат опфатени сите гореспоменати аспекти.

## Поставување на нова заштитна ограда




стара ограда



нова ограда

# Модерна сообраќајница по светски терк

*Објектот е опремен со најсовремена инфраструктура, атмосферска канализација и ново улично осветлување, а обновен е и коловозот во должина од два километри. За заштита на животната средина, на дел од сообраќајницата е подигната и звучна бариера од плексиглас. Со зеленило е уредена и централната жардиниера.*

**Елена Кузмановска**

Илјадници возила што секојдневно сообраќаат по булеварот Александар Македонски од минатиот месец добија големо сообраќајно олеснување. Градот Скопје на 13 Ноември ја отвори за употреба клучката кај хотелот „Континентал", ултра-модерна сообраќајница која го олесни патот кон центарот и кон излезот од градот. Клучката се градеше 15 месеци. За нејзината изградба Градот Скопје потроши три милиони евра.

Клучката кај „Континентал" не е едноставно сообраќајно решение. Според проектот, клучката е комбинација од денивелиран патен јазел, систем "труба" и ротонда на местото на вкрстување на улицата Беласица и на булеварот Александар Македонски. Булеварот е проширен за една лента во правец Куманово - Бит Пазар за завртување лево, со која автобусите ќе се упатуваат кон Транспортниот центар.

Улицата Беласица се доформи и сега има вкупно четири коловозни ленти. Една од лентите обезбедува вртење во лево и вклучување на булеварот во правец кон Бит Пазар, односно клучката обезбедува комуникација во сите правци за влез во Скопје и за излез кон Куманово и кон Тетово.

Со клучката се обезбедува и регулиран влез и излез за хотелот „Континентал".

Објектот е опремен со најсовремена инфраструктура, атмосферска канализација и ново улично осветлување, а обновен е и коловозот во должина од два километри.

За заштита на животната средина, на дел од сообраќајницата е подигната и звучна бариера од плексиглас. Во средишниот дел на сообраќајницата е уредена и километарска бетонска жардиниера која естетски ја украсува сообраќајницата на потегот од влезот во градот до натпатникот на Бит Пазар.

За сообраќај, клучката „Континентал" официјално ја отвори градоначалникот Трифун Костовски на 13 Ноември, Денот на ослободувањето на Скопје. Пуштајќи ја во употреба модерната сообраќајница, градоначалникот Костовски го изрази своето задоволство зашто токму на празникот на градот, по долги децении, за првпат се реализира ваква инфраструктурна инвестиција. Задоволството е уште поголемо, ако се земат предвид скромните финансиски средства со кои располага Град Скопје.

- Со отворањето на клучката кај „Континентал" значајно се намали притисокот на сообраќајот кај Бит Пазар и воопшто на "пластичарската" улица. Со реализацијата на овој проект, Скопје доби помодерен и посовремен сообраќаен систем кој претставува пример за тоа како треба да се решаваат проблемите во сообраќајот и како во иднина треба да се однесуваме кон тоа прашање – нагласува градоначалникот Трифун Костовски.

Клучката ќе овозможи непречен проток на сообраќајот во наредните 15 години, според пресметките кои се направени во согласност со моменталното сообраќајно оптоварување.

- Напролет ќе спроведеме големо снимање на сообраќајните текови по булеварот Гоце Делчев, улицата Беласица и по кружниот тек од и кон Автокоманда. Бројките што ќе ги добиеме ќе се искористат за планирање зелени бранови на движење на возилата кон излезот од градот – велат од Секторот за сообраќај на Град Скопје.

Вакви кружни текови, според сообраќајните искуства од регионот чинат по десетина милиони евра. Градот овој проект успешно го заврши за три милиони евра.

Првичните реакции за изградбата на клучката кај „Континентал" од граѓаните се многу позитивни. Скопјани бараат градот да продолжи со реализација на вакви сериозни сообраќајни зафати од типот на клучката кај „Континентал" и на пробивањето на булеварот Словенија.



Проектот за клучката кај „Континентал“ е изработен од проектантската фирма „Прима Инжинеринг“ од Скопје, по завршена постапка за јавна набавка на Град Скопје и идејно решение на архитектот Орхан Адровиќ и инжинерот Коста Зекмановски.

Изградбата на клучката беше под постојан стручен надзор на посебен тим составен од претставници на Секторот за уредување и планирање на Град Скопје, Градежниот институт на Македонија, Градежниот факултет од Скопје и ЈП „Водовод и канализација“. Тимот го предводеше инжинерот Коста Зекмановски.



Од свеченото пуштање во употреба на клучката:градоначалникот наГрад Скопје, Трифун Костовски и градоначалниците на Чаир и Гази Баба



## Европска повелба за локална самоуправа -основа за ефикасност

Земјите членки на Советот на Европа, поаѓајќи од сознанието дека заштитата и развојот на локалната самоуправа имаат голем придонес за изградба на Европа заснована врз принципите на демократија и децентрализација на власта, го иницираа усвојувањето на камен-темелникот во областа на локалната самоуправа, Европската повелба за локална самоуправа.

Европската повелба за локална самоуправа ги содржи принципите за функционирање на ефикасна локална самоуправа. Документот е усвоен од Советот на Европа во Стразбур, на 15 октомври 1985 година, а стапила во сила на 1 септември 1988 година. Република Македонија ја потпиша Повелбата во 1996 година, а Собранието на Република Македонија ја ратификуваше во 1997 година. Повелбата се однесува на уставната и законската основа на локалната самоуправа, концептот, дострелот на локалната самоуправа и условите на вршење на одговорностите на локално ниво, на финансиските средства на локалните органи на власт, како и на нивното право на здружување и правна заштита. Повелбата ја гарантира законската, односно уставната положба на локалната самоуправа.

Европската повелба за локална самоуправа, еден од нејзините најголеми делови, членот 9 со 8 точки, го посветува на фискалната децентрализација односно на финансиските средства на локалните органи на власт. Според Повелбата, локалните власти во согласност со националната економска политика, имаат право слободно да располагаат со доволно сопствени финансиски извори при извршувањето на надлежностите. Меѓу другото, во Повелбата се истакнува дека финансиските системи врз кои се потпираат средствата со кои располагаат локалните власти треба да бидат доволно разновидни и променливи за да им овозможат колку што е можно повеќе да одговорат во практиката на реалното движење на трошоците за извршување на сите нивни задачи.

Европската повелба за локална самоуправа го афирмира клучното значење на локалната самоуправа за демократијата, имајќи во предвид дека локалните власти се една од главните основи на секој демократски систем.

# Скопје е најсиромашната метропола во Југоисточна Европа

**Пренесено**
**Утрински весник, 25.10.2008 година**

Со 248 евра очекувани приходи по жител за 2008 година Скопје и натаму останува најсиромашната метропола во регионот на Југоисточна Европа. Најмногу пари по жител за годинава очекува Загреб со 1.350 евра, веднаш по него е Љубљана со речиси 1.220 евра, следува Белград со 662 евра, а потоа е Софија со 388 очекувани евра по жител.

Овие фрапантни податоци за фискалниот капацитет на престолнините во пет земји од регионов се само дел од обемното компаративно истражување што го подготви Заедницата на единиците на локалната самоуправа. Темел за анализата се податоците добиени од завршните сметки на градовите објавени во нивните службени гласила. Во ЗЕЛС се надеваат дека Владата, на која ќе и' бидат презентирани аргументите во бројки, конечно, ќе сфати кои се фискалните позиции на локалните власти.

Фактите говорат дека македонската метропола многу заостанува зад главните градови од најблиското соседство. Разликата меѓу Загреб и Скопје во очекуваните приходи би била 5,5 спрема 1, се разбира во полза на главниот град на Хрватска, вели математиката. Или, 2 спрема 1 меѓу Белград и Скопје, на страната на главниот град на Србија. Најблиску до Скопје по очекувани приходи е Софија, но тоа не е ни малку утешително, бидејќи разликата по жител е дури 150 евра.

Во истражувањето на ЗЕЛС е направена компарација меѓу буџетите на Скопје и Белград во контекст на општините. „На територијата на Скопје има 10 општини со свои буџети кои во текот на 2008 се планира да изнесуваат 76 милиони евра. Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, планира буџет за годинава од 49,5 милиони евра.

Ситуацијата се совпаѓа со финансиските проблеми на Скопје на кои во изминатите години од мандатот постојано укажуваше градоначалникот Трифун Костовски. Финансирањето на главниот град е една од најбитните измени кои треба да се вклопат во измените на Законот за Скопје, на што инсистираат градските власти. Проектот за статусот на Скопје е подготвен од градската администрација, а за иницијативата треба да се изјасни Владата. „Градскиот буџет да биде една третина од буџетот на Република Македонија. Тоа е практика во Словенија, Хрватска, Србија. Само така градот ќе биде самостоен и нема да биде монета за поткусурување во политичките борби", изјави Костовски и додаде дека во моментов градската каса била само еден процент од централната.

Со 28 милиони евра Скопје не може целосно да функционира, смета Костовски. „За урбан, економски и социјален развој на главниот град му се потребни 60 проценти од персоналниот данок и 10 отсто од данокот на додадена вредност. Централната власт треба да обезбеди блок-дотации за реализација на капитални проекти. Тоа во бројки би изнесувало од 700 милиони евра до 800 милиони евра или околу 30 отсто од Буџетот", објаснува градоначалникот на Скопје.

**Катица Чангова**



**Просечни приходи по жител 2006г.**

| | |
|---|---|
| **МАКЕДОНИЈА** | 64,75 евра |
| **СРБИЈА** | 221,51 евра |
| **ХРВАТСКА** | 492,38 евра |
| **СЛОВЕНИЈА** | 518,03 евра |
| **БУГАРИЈА** | 138,46 евра |

# Главниот град со закон да добие вистински статус

Како дел од иницијативата на градоначалникот Трифун Костовски за промена на Законот за Град Скопје, на 10.11.2008 година на Правниот факултет во Скопје се одржа трибина на тема „Децентрализацијата, статусот и организациониот модел на Градот Скопје". На Трибината, експерти за политички систем и локална самоуправа од научен аспект ја елаборираа иницијативата на градоначалникот Костовски за неопходната реформа во поставеноста и функционирањето на главниот град на Македонија.

Професорката Гордана Силјановска, во својата анализа заснована на компаративните искуства, укажа на апсурдот дека Скопје и покрај тоа што има уставно гарантирана позиција е град што нема своја територија, поради нејасните и недоречени законски решенија. Силјановска оцени дека фактот што на територијата на Скопје има 11 градоначалници доведува до конфузија, паралелизам и конфликтни ситуации меѓу општините, наместо остварување соработка.

Таа напомена и дека на Скопје му се закaнува рурализација поради вештачкото припојување на руралните средини кон урбаните средини. Ваквиот став се согласува со позицијата на градоначалникот Костовски за одвојување на руралните средини од урбаните средини, бидејќи руралните општини подобро би се развивале самостојно.

Професорката Силјановска посочи неколку излезни решенија, од намалување на надлежностите на општините или нивно прецизно разграничување со закон, до укинување на општините и нивно заменување со квартови.

Професорката, Татјана Каракамишева оцени дека наместо сегашната „виртуелна димензија" на главен град, Скопје треба со нов закон да добие вистински статус на главен град. Во насока на надминувањето на финансиските проблеми со кои се соочува Град Скопје по започнувањето на процесот на децентрализацијата, професорката Каракамишева нагласи дека е потребно донесување на посебен закон за буџет на Град Скопје. Притоа, таквиот закон ќе овозможи Градот Скопје финансиски да парира на останатите главни градови во регионот, но и на европските метрополи.

Трибината одржана на „Правниот факултет" претставува дел од серијата трибини што се одржаа и што ќе се одржат за да се запознае јавноста со иницијативата на градоначалникот Костовски за промена на законите за Град Скопје.

На трибината преовлада заклучокот дека е неопходна промена на законските одредби за Град Скопје, бидејќи сегашните законски одредби не ја операционализираат неговата уставна посебност.

Сепак, експертите беа согласни дека е потребно да се отвори голема дискусија од научен аспект, во која ќе биде вклучена и јавноста.

Градоначалникот Костовски, во изминатиот период, со иницијативата за промена на Законот за Град Скопје ги запозна, претседателот Бранко Црвенковски, министерот за локална самоуправа, Муса Џафери, министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски, како и претставникот на Европската унија во земјава, Ерван Фуере и новиот амбасадор на САД во Македонија, Филип Рикер.

Т.С.



## "СКОПЈЕ" нова алка меѓу Советот и граѓаните



Идејата за излегување на весникот „Скопје" ја оценувам како многу позитивна од причини што со негова реализација ќе се постигне поблизок однос меѓу Советот на Град Скопје и граѓаните. Сметам дека граѓаните ќе имаат дополнителна можност за увид во работата на Советот, а со тоа и можност да ги добијат потребните информации.

Со печатење на весникот се овозможува поголема транспарентност во работата, поголема отвореност кон граѓаните - носење одлуки, заклучоци, решенија и третирање на определени прашања кои ги засегаат граѓаните на Скопје. На крајот, тоа е и наша должност и обврска затоа што сме избрани токму од нив.

Ова е прв број на весникот и за почеток би сакала на граѓаните поблиску да им ја претставам работата на Советот кој до сега има одржано 74 седници.

Советот на Град Скопје го сочинуваат 45 советници од различни политички партии кои се избрани на општи непосредни и слободни избори. Членовите на Советот се избираат за период од 4 години, ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по сопствено уверување.

***Ирена Мишева, претседателка на Советот на Град Скопје***

Политички партии кои се застапени во Советот на Град Скопје се:
-ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство,
-ВМРО-Македонска,
-ВМРО-Народна партија,
-Демократска лига на Бошњаците во РМ,
-Демократска обнова на Македонија,
-Демократска партија на Албанците,
-Демократска партија на Србите,
-Демократски сојуз,
-Демократски сојуз на Власите од РМ,
-Демократска унија на Албанците,
-Демократска унија за интеграција,
-Либерална партија,
-Либерално-демократска партија,
-Лига за демократија,
-Национална демократска партија
-Партија за демократски просперитет,
-Социјал-демократски сојуз на Македонија.

НАДЛЕЖНОСТИ

# Кој за што е одговорен

## ВО ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ

*Граѓаните на Скопје честопати имаат проблеми со разграничувањето на градските и на општинските надлежности, при што не можат точно да ги детектираат органите што треба да им ги решат проблемите. Редакцијата на „СКОПЈЕ“, со цел да им помогне на граѓаните, во продолженија, компаративно, ќе ги објавува надлежностите на своите страници.*

*Градските надлежности се реализираат на магистралните и на собирните улици, а општините ги реализираат надлежностите на собирните улици. Значи, главните улици се во надлежност на градот, а споредните, кои се регулираат со Детален урбанистички план се општински улици. Почнуваме со надлежностите од урбанизмот.*

### ГРАД СКОПЈЕ

**-донесување просторен план на градот Скопје**

**-донесување Генерален урбанистички план на градот Скопје**

**-давање мислење за предлогот на деталните урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населени места што ги донесуваат општините во градот Скопје (мислењето Градот Скопје го дава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на предлогот на планот, а доколку во овој рок истото не се даде, ќе се смета дека е дадено позитивно мислење)**

**-уредување градежно земјиште (приходите од надоместокот за уредување градежно земјиште се распределуваат во сооднос 60 % за Градот Скопје и 40 % за општината во градот Скопје во која се уредува градежното земјиште) и**

**-утврдување стандарди и давање согласност за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје**

### ОПШТИНИ

**-покренување иницијативи за донесување, измена и дополнување на просторниот план на градот Скопје и Генералниот урбанистички план на Скопје**

**-давање мислења по нацртите на Просторниот план на градот Скопје и Генералниот урбанистички план**

**-донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населени места во општината (плановите и проектите општината ги донесува по претходно добиено позитивно мислење од Градот Скопје и согласност од органот на државната управа надлежен за работите на уредување на просторот)**

**-спроведување урбанистички планови и проекти и издавање документација за изградба на објекти од локално значење (услови за градба, урбанистичка согласност, одобренија за градење)**

**-издавање одобренија за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема (одобренијата се издаваат во согласност со утврдени стандарди, а по претходно добиена согласност од Градот Скопје)**

**-уредување на градежно земјиште во делот на опремување на градежното земјиште со објекти и инсталации од секундарната инфраструктура**

## КАКО ПОЛЕСНО ДО ПАРКИНГ-МЕСТО ?



Четири илјади нови паркинг-места наскоро ќе бидат отворени во централното градско подрачје со проектот што го реализираат Град Скопје и ЈП „Градски паркинг“. Проектот предвидува паркирање и на улица, на точно определени места и по одредена цена.

Во согласност со проектот, градот Скопје ќе биде поделен на зони и тоа црвена, жолта и зелена, во зависност од близината до центарот на градот. Првата, црвена зона, која ќе се протега во најстрогото централно подрачје на градот, ќе биде најскапа и граѓаните ќе може да се паркираат најмногу еден час. Колку е поголема оддалеченоста од центарот, времетраењето на задржувањето ќе се зголемува, а цената ќе се намалува. Наплатата ќе се врши преку смс-пораки, со талони кои ќе се продаваат во трафики, а подоцна и преку паркомати, поставени на улиците.

Јавното претпријатие „Градски паркинг“ веќе распиша тендер за набавка и имплементација на систем за зонско паркирање во Градот Скопје. Тендерот е во завршна фаза. По објавувањето на резултатите од јавниот повик точно ќе се знае на кој начин ќе се организира зонското паркирање, како ќе се одвива наплатата и другите технички детали. Претпријатието обезбедува средства за спроведување на постапката за набавка и инсталирање на систем за зонско паркирање со одржување во износ од 7.300.000 денари без ДДВ.

Е.К.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРСТОСНИЦАТА ПРЕД ЗГРАДАТА НА МТВ

Град Скопје деновиве почна да ја реконструира крстосницата на булеварот Гоце Делчев со која се овозможува влез на паркингот на МТВ и на универзитетот „Свети Кирил и Методиј“. На крстосницата ќе бидат направени одвојувања за свртување в десно, како и пешачки острови. Откако ќе се завршат градежните работи, крстосницата ќе се семафоризира со што ќе се олесни пристапот на возилата до МТВ и до универзитетот и ќе се зголеми безбедноста на пешаците.

Минатиот месец, Градот Скопје заврши со проширувањето на булеварот Гоце Делчев, на потегот од зградата на Македонската радио телевизија (од едната страна) и од универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ (од другата страна) до спојот со улицата Беласица. Со проширувањето булеварот доби уште по една лента од двете страни, кои се широки по 3,5 метри, а долги околу 520 метри. На потегот од универзитетот до улицата Беласица поставена е нова атмосферска канализација со профил ФИ 1.000, додека на делот кај зградата на МТВ е направен ископ, по што е поставена армирано-бетонска заштита на атмосферската канализација, а просторот е тампониран.

Покрај проширувањето на коловозите Град Скопје целосно ја отстрани старата асфалтна подлога од булеварот, која беше значително уништена, и постави нов асфалт во должина од еден километар. Од двете страни на булеварот направена е велосипедска патека од бехатон плочки, со широчина од 1,5 метри. А.Џ.



Реконструкција и изградба на жардиниера на булеварот Гоце Делчев

# ЖАРДИНИЕРИ ЗА РАЗУБАВУВАЊЕ НА БУЛЕВАРИТЕ

Во Скопје забрзано се реализира проектот за изградба на жардиниери кои ќе ги заменат средишните огради на неколку булевари во градот. Овој проект има за цел да се разубават големите сообраќајници во градот, но и да се овозможи филтрирање на воздухот на овие сообраќајници каде што има голема фреквенција на возила.

Веќе се отстранети средишните огради на булеварите Гоце Делчев, Крсте Петков Мисирков, Христијан Тодоровски Карпош, а комплетно е завршено оплеменувањето на жардиниерата кај клучката Континентал, на булеварот Александар Македонски до натпатникот кај Бит пазар.

Жардиниерата на булеварот Гоце Делчев е долга 1.550 метри, а се простира од мостот Гоце Делчев до спојот со улицата Беласица.

На булеварот Крсте Петков Мисирков се гради жардиниера долга 950 метри, на потегот од мостот кај МАНУ до Бит пазар.

Со проектот за уредување на средишниот појас на булеварите во Скопје опфатени се и булеварите Кочо Рацин и Христијан Тодоровски Карпош. На булеварот Кочо Рацин ќе се изведува жардиниера долга 810 метри, од спојот со улицата Мито Хаџи Василев Јасмин до мостот кај Народна банка на Македонија. На булеварот Христијан Тодоровски Карпош веќе се гради жардиниера долга 800 метри.

Градежните работи ги изведува фабриката Карпош, а Град Скопје за изградба на жардиниерите одвои 26 милиони денари од својот буџет. Со завршувањето на градежните работи на жардиниерите, ЈП „Паркови и зеленило“ во истите поставува систем за полевање „капка по капка“ и ги облагородува со зеленило и садници. А.Џ.

# СЕ ГРАДАТ ДВА КРАКА ОД КЛУЧКАТА „ДЕТЕЛИНКА“

Градежните работи на клучката „Детелинка“ на Бит Пазар се одвиваат непречено и покрај неповолните временски услови. Екипите на ГП „Гранит“ деновиве работат на два крака од сообраќајницата, кај поликлиниката „Битпазар“ и кај полициската станица. На таа делница подземните инсталации се завршени и се врши тампонирање.

Градежните работи на клучката „Детелинка“ ќе продолжат кон населбата Чаир.

Со модерна клучка во форма на детелинка ќе се елиминира големото сообраќајно тесно грло во овој дел од градот. Реализаијата на овој значаен проект, подразбира реконструкција на натпатникот кај Бит Пазар и изградба на четири сообраќајни прстени по кои сообраќајот ќе се одвива по системот вртење во десно. Со тоа, семафорите што сега го регулираат сообраќајот на овој потег, целосно ќе бидат исфрлени од употреба.

Градот Скопје го изработи идејното решение за овој проект. Ако послужат временските услови, се очекува градежните работи да траат 120 дена. За изградба на клучката „Детелинка“ Градот Скопје обезбеди 40 милиони денари. Е.К.



# НОВИ ЛАНТЕРНИ ЗА СЕМАФОРИТЕ

Екипи на ЈП “Улици и патишта“ деновиве почнаа да ги заменуваат старите лантерни на семафорите на крстосниците по должината на булеварите Климент Охридски и Партизански одреди. Од јавното претпријатие очекуваат до крајот на годинава да се заменат сите стари лантерни на семафорите во Малиот и во Големиот ринг и по должината на булеварот Партизански одреди до населбата Влае. До крајот на овој месец, треба да се постават 930 нови лед лантерни.

Во рамките на проектот, што неодамна го почнаа Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта“, први беа заменети лантерните од семафорите на крстосницата на булеварот Александар Македонски во населбата Автокоманда, а потоа и на крстосницата кај Судска палата.

Град Скопје неодамна потпиша договор со реномираната австриска фирма СВАРКО, од Виена, за замена на околу 1.000 лантерни на скопските семафори. Со оваа инвестиција, вредна околу 250.000 евра, Градот долгорочно ќе обезбеди заштеда на електрична енергија. Потрошувачката на електрична енергија ќе биде 10 пати помала во однос на употребата на сегашните лантерни. Само по овој основ Градот ќе ја оправда инвестицијата за 3,5 до 4 години. Е. К.



# „МЕСЕЦ НА ТРГОВИЈАТА 2008“

Со цел да го поттикне развојот на трговијата и занаетчиството и да укаже на потребата од следење на современите текови и примената на модерните технологии во овие стопански гранки, Град Скопје во периодот од 15 ноември до 15 декември 2008 година, ја организира манифестацијата “Месец на трговијата“.

Во манифестацијата учествуваат 2.200 трговски дуќани поделени во 23 категории според дејноста. Станува збор за минимаркети, големи маркети и супермаркети, продавници за мебел, продавници за канцелариски мебел, автосалони, гифт шопови, парфимерии, продавници за апарати за домаќинството, продавници за килими и теписи, за аудио и видео опрема, за компјутери, продавници за горна и долна облека, детски бутици, продавници за обувки, златари, оптичари, бутици за венчаници, бензински пумпи, аптеки, продавници за телекомуникациона опрема, за спортска опрема и за детски играчки.

Специјално обучени тимови досега посетија и оценија околу 500 објекти. Објектите се оценуваат врз основа на повеќе критериуми, како што се на пример: изгледот и пристапот до објектот, снабденоста со стока, аранжирањето на просторот, услугата на персоналот, хигиената пред и во објектот, начинот на плаќање, состојбата на опремата и на униформите. Објектите, кои по сумирањето на оценките, ќе имаат најмногу бодови ќе бидат наградени. На најдобрите во сите предвидени категории продажни објекти ќе им биде доделена златна плакета, а на второпласираните и третопласираните ќе им биде врачена сребрена односно бронзена плакета.

Целта на проектот е да се осознае квалитетот на услугите во трговијата, со цел да се стимулираат трговците кон подобри услуги, подобро снабдување на продажните места и постигнување попристапни цени. А.Ц.

## УСПЕШНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СКОПЈЕ НА САЕМОТ ВО ЛУГАНО

Град Скопје е избран за еден од 20-те најуспешни излагачи на Интернационалниот саем за туризам во Лугано, Швајцарија, што се одржа изминатиот месец. Штандот на Град Скопје, од страна на Стручното жири беше оценет како еден од најдобрите во конкуренција на 500 излагачи.

Организациониот комитет на Швајцарскиот интернационален празничен саем му додели на Град Скопје посебна плакета за одличната презентација на сопствената традиција, типичните продукти, гастрономијата и локалната креативност, со тоа ставајќи му ги на светот до знаење автентичните квалитети кои го прават Скопје уникатна дестинација. Ваква плакета им беше доделена само на пет градови кои се презентираа на саемот.

Саемот во Лугано се организира секоја година и претставува реномиран саем за туризам, кој пред две години на Градот Скопје му додели прва награда за брошурите „Градот на седумтте порти„ и „Скопје – град за откривање“. А. Џ.

## ГРАДОТ СКОПЈЕ ЌЕ ОТВОРИ КАНЦЕЛАРИЈА ВО БРИСЕЛ

Советот на Град Скопје донесе одлука Скопје во Брисел да отвори канцеларија со назив “Канцеларија на Град Скопје – Република Македонија”. Основната дејност на Канцеларијата ќе биде да обезбедува поддршка на проекти од интерес за градот Скопје, да остварува контакти со претставништвата на градови и региони од земјите членки на Европската Унија, како и поефикасно да го промовира градот Скопје и да лобира за партнерство пред институциите на Европската Унија. Организацијата и функционирањето на Канцеларијата ќе се дефинира со посебни акти на Град Скопје.

Во контактите со Владата и со ресорните министерства во изминатиот период беше потврдена оправданоста од поорганизирано претставување на градовите и регионите на Македонија пред институциите на ЕУ. Беа остварени средби и со претставници од Регионот Брисел во кои беше истакната нивната подготвеност да помогнат околу формирањето на канцеларијата, добивањето лиценца за отворање канцеларија, како и лоби поддршка во остварувањето на потребните контакти со соодветните ЕУ институции.

За функционирање на Канцеларијата на Град Скопје во Брисел, ќе бидат потребни средства во износ од 100.000 евра. Финансирањето на отворањето и активностите на канцеларијата ќе се реализираат преку Буџетот на Град Скопје. Дополнителни средства ќе се бараат и во програмите на домашните и меѓународните институции и од д онатори. Е. К.

## РАКОТВОРЦИ ОД СКОПЈЕ НА НОВОГОДИШНИОТ БАЗАР ВО НИРНБЕРГ

Градот Нирнберг, Германија, годинава повторно ќе биде домаќин на скопските ракотворци кои со свои производи ќе се претстават на традиционалниот Новогодишен базар што во овој град се организира во пресрет на Божик и на Нова Година. Ракотворби од дрво, плетени производи и накит од бакар, сребро и филигран ќе изложат седум ракотворци.




- Новогодишниот базар во Нирнберг има 400-годишна традиција. Почнува во последната недела од ноември и трае еден месец. Во рамките на базарот има посебни штандови на кои се претставуваат ракотворци од збратимените градови со Нирнберг, штандови за детски производи и помали производители. Скопје и годинава ќе има свој штанд во Нирнберг, на кој ќе биде изложен и промотивен материјал за градот Скопје – вели Весна Аврамовска, заменик-директор на МАТА (Македонска артисанска трговска асоцијација), која го организира претставувањето на нашите занаетчии во Нирнберг.

МАТА вторпат се претставува во Нирнберг. Е. К.

## Збратимени градови на Град Скопје:

– БРАДФОРД, Велика Британија - 1961 година

– ДИЖОН, Република Франција - 1961 година

- ДРЕЗДЕН, Сојузна Република Германија - 1967 година

– ТЕМПИ, Аризона, САД - 1971 година

– РУБЕ, Република Франција - 1973 година

– ВАРЕМ, Белгија - 1974 година

– НИРНБЕРГ, Сојузна Република Германија - 1982 година

– ЕЧ ШЕЛИФ, Алжир - 1983 година

– НАН ЧАНГ, Народна Република Кина - 1985 година

– МАНИСА, Република Турција - 1985 година

- СУЕЦ, Египет - 1985 година

– ПИТСБУРГ, Пенсилванија, САД - 2001 година

– ИСТАНБУЛ, Република Турција - 2003 година

- ЉУБЉАНА, Република Словенија - 2007 година

– ПОДГОРИЦА, Црна Гора - 2008 година

## „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“

# ИНВЕСТИЦИИ ОД 7 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА СИГУРНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ

*Во оваа редовна рубрика читателите ќе бидат информирани за тековните активности на јавните претпријатија, менаџирањето со средствата кои се собираат од граѓаните, како и за проблемите со кои се соочуваат*

**Александра Џаџовска**

Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ изминатите две години инвестираше четиристотини и дваесет милиони денари за обнова на постојната водоводна и канализациона мрежа во градот, за замена на азбестните цевки од водоводниот систем, како и за изградба на десетици километри нова атмосферска, водоводна и фекална мрежа.

Благодарение на подобрената наплата на сметките за вода, како и приливот на средства од зголемувањето на цените за услугитете, јавното претпријатие врши реконструкција на застарената и дотраена водоводна мрежа на околу 25 локации во градот. Улиците Венјамин Мачуковски, 155, 23 во Волково, Рокомија, Ташко Караџа, Јужноморавски бригади, Женевска, Бертранд Расел и Палмиро Тољати се само дел од долгиот список на улици на кои е извршена реконструкција на мрежата, а со целосното реализирање на Програмата за 2008 година ќе се подобри квалитетот на мрежата во должина од околу 12. 000 метри.

Посебно значаен зафат за јавното претпријатие претставува реализацијата на фекалната канализација во населеното место Инџиково, во должина од 1.840 метри, фекалната канализација на левиот брег на Вардар, од Злокуќани до Криви Дол, во должина од 2.253 метри, и во селото Волково.

По зголемувањето на цената на водата, јавното претпријатие во 2007 година инвестираше 17.531.894 денари, а во првите шест месеци од 2008 година 42.706.887 денари. Согласно инвестиционата програма, во втората половина од 2008 година инвестирани се 384.374,500 денари. Овие средства се вложени во реконструкцијата на каптажата Рашче 1, како и на пунктовите во Ѓорче Петров и Драчево, а со дел од парите е набавена потребната механизација.

Во моментов менаџерскиот тим на „Водовод и канализација“ ја изготвува инвестиционата програма за 2009 година, која исто така ќе биде многу обемна.


Изградба на фекалната канализација во Инџиково

### СТО ГОДИНИ ОРГАНИЗИРАНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СКОПЈЕ

Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ минатата година ја прослави стогодишнината од своето постоење, со што нашиот град се вброи меѓу ретките метрополи кои можат да се пофалат со толку долга традиција на организирано водоснабдување на населението. ЈП„Водовод и канализација“ денеска одржува 982 километри водоводна мрежа, 553 километри фекална мрежа и 215 километри атмосферска канализација.

Од вкупно 467.257 жители во скопските општини, од градскиот водоснабдителен систем со вода се снабдуваат 449.713 жители, или 96,2 отсто, додека од локалните извори со вода се снабдуваат 17.544 жители, што претставува само 3,8 проценти од вкупното население кое живее во Скопје. Изворот Рашче обезбедува 97 проценти од потребната вода за граѓаните на Скопје, а останатите количества се обезбедуваат од бунарите Нерези и Лепенец.

# КАМЕНИОТ МОСТ – ЧУВАР НА ДУШАТА НА СКОПЈЕ

*Во 1944 година, кон крајот на Втората светска војна, при повлекувањето на фашистичките војски, мостот бил миниран но, при ослободувањето на градот било спречено активирањето на поставениот динамит и мостот бил спасен*

**Томе Смилевски**

Камени мост е еден од највпечатливите симболи на градот. Со векови ги поврзува двата брега на Вардар и е нем сведок на богатата историја која се создавала во неговото опкружување. На него се одвивале љубовни средби, се склучувале трговски зделки, но се извршувале и судења и егзекуции. Тој претставува незаменлива алка во секојдневната комуникација на жителите на градот, која овозможува испреплетување на различни култури, вери и традиции.

Постојат две претпоставки за периодот на изградба на мостот. Според првата, која е потврдена со археолошки истражувања, тој бил изграден во 6 век, веднаш по катастрофалниот земјотрес од 518 година, во екот на градежните активности кои биле преземени низ целата империја од страна на императорот Јустинијан 1. Според втората претпоставка, која е поткрепена со историски извори, мостот бил изграден во времето на султанот Мехмед 2 Освојувачот (1444-1446; 1451-1481 година), во периодот меѓу 1451 и 1469 година.

Во својата првобитна форма, мостот имал 13 свода, со вкупна должина од 213, 85 метри и широчина од 6,33 метри. Тој бил изграден од травертински блокови наредени со големо мајсторство и прецизност, меѓусебно врзани со железни кламфи, зацврстени со леано олово, кршен камен и малтер употребени во внатрешноста на столбовите.

Некои од нив – како што е на пример средишниот столб, кој во својот горен дел завршува со украсна ниша (стражарница), во својата внатрешност имаат големи простории со двојна функција, да го намалат оптоварувањето на столбот, но и да послужат како простории со пушкарници.

Низ вековите мостот претрпел повеќе оштетувања, што налагало и конкретни зафати за негова обнова. Познато е дека мостот настрадал од големиот земјотрес во 1555 година кога биле разурнати или тешко оштетени четири столба. Турскиот патеписец Евлија Челебија, кој престојувал во градот во 1660-61 година, го препишал од мермерна плоча натписот што бил поставен на мостот при неговото обновување.

Натписот гласи: „Кога луѓето го видоа обновувањето на овој беспримерен мост, фалејќи го, рекоа Многу е поубав отколку што беше порано. Поправката беше извршена со доброволна работа на луѓето“. Обновата била изведена во 1579 година, а се обновувал и во 1817-18 година, за време на султанот Махмуд 2 (1808-1839 година). Се до 1909 година, мостот имал огради од камени плочи.

Во 1944 година камениот мост бил миниран од страна на фашистичките војски, но, при ослободувањето на градот било спречено активирањето на поставениот динамит и мостот бил спасен од уривање. Во ослободувањето на Камени мост најголема улога одиграле борците од Дванаесетата македонска бригада и од Третата македонска бригада.

Камени мост беше еден од ретките објекти во градот кој не претрпе оштетувања за време на катастрофалниот земјотрес во 1963 година.

Со цел да се врати првобитниот изглед на мостот во 1992 година почнаа нови интервенции за негова реставрација кои течат до денес.

Камени мост претставува еден од најзначајните споменици на културата во Скопје и во Република Македонија. Камениот мост е заштитен споменик на културата од прв степен.



# „Новогодишните бои на Скопје 2009“

Град Скопје на **1 декември 2008 година** ја започна акцијата “Новогодишните бои на Скопје 2009“, со цел да ја поттикне инвентивноста и креативността на граѓаните за разубавување и украсување на сопствените домови и деловни простории, со што ќе му дадат посебен новогодишен изглед на градот за време на претстојните празници.

Заинтересираните граѓани, кои сакаат да учествуваат во акцијата, можат да се пријават на телефонскиот број 329 72 65, најдоцна **до 22 декември 2008 година**, секој работен ден од 09 до 16,30 часот.

Фотографии од украсените објекти заедно со податоци за името и презимето на сопствениците, телефонскиот број и адресата, можат да се испраќаат на е-маил адресата mediumi@skopje.gov.mk или на адресата улица Илинден бб, со назнака за акцијата “Новогодишните бои на Скопје 2009“.

Град Скопје, оваа година, традиционално, ќе избира најубаво украсена куќа со дворно место; прозорец тераса од стан; деловен објект и двор на средно училиште.

Жири-комисијата ќе биде составена од претставници на медиумите. Град Скопје ќе им додели признанија и награди на најкреативните учесници во акцијата.

Град Скопје ги повикува граѓаните да земат учество во акцијата, а со тоа заеднички да придонесеме за поубав празничен изглед на градот.

А.Џ.



## ЗАБАВА НА ПЛОШТАДОТ СО ПЕСНИТЕ НА АББА

Градската администрација, покрај акцијата „Новогодишните бои на Скопје“, подготвува и низа други изненадувања за скопјани за време на новогодишните и божикните празници. И оваа година градскиот плоштад ќе биде прекрасно украсен, а во центарот ќе доминира новогодишната елка која ќе биде висока повеќе од 20 метри. Граѓаните ќе можат да уживаат во „ѕвезденото небо“, а постои можност да падне и вештачки снег.

За новогодишната забава на плоштадот Македонија ќе биде задолжена групата „Арајвал АББА“, која има лиценцата за изведба на песните на АББА, но и за надворешниот имиџ на шведската атракција од 70-те години. Пред и по настапот на оваа светска атракција, новогодишната атмосфера ќе ја одржува една македонска група.

Најголемиот дел од централното градско подрачје ќе биде украсен во розова боја, заштитниот знак на Т-мобиле, кој и оваа година ќе го спонзорира организирањето на новогодишната прослава.

Град Скопје годинава ќе издаде лиценци на четири фото-студија кои ќе можат да постават платформи на градскиот плоштад, каде најмладите ќе имаат можност да се фотографираат со Дедо Мраз.

## ГРАД СКОПЈЕ

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
ТРИФУН КОСТОВСКИ
тел: 3297204
gradonacalnik@skopje.gov.mk
барака број: 4

СЕКРЕТАР НА ГРАД СКОПЈЕ
ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ
тел: 3 297 281, 3 297215
барака: 3

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Ирена Мишева
тел: 3 297 207
irena.miseva@skopje.gov.mk
барака бр. 1

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ
Раководител: Крсте Андоновски
тел: 3 297 277
kandonovski@skopje.gov.mk
барака бр: 7

-Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци
Раководител: Андријана Манчевска
тел: 3 297 275
andrijanam@skopje.gov.mk
danoci@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
Раководител: Аљоша Шопар
тел: 3 297 282
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk
барака бр: 10а

СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
Раководител: Цветанка Икономова-Мартиновска
тел: 3 297 301
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk
барака бр: 14

ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Раководител: Хамзи Џафери
тел: 3 297 359
hamzidz@skopje.gov.mk
барака бр: 14

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ
Директор: Љупчо Јованов
jovanovlj@gradskiparkig.com.mk
тел: 3091 072 , 3091 074
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба тел: 3 238 871

ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“
Директор: Илија Мартиновски
тел: 3 162 317
www.jpuliciipatista.com.mk

ЈСП „СКОПЈЕ“
Директор: Александар Бошковиќ
aboskovic@jsp.com.mk
тел: 3 174 265
www.jsp.com.mk
- Диспечерски центар
тел: 3 173 224

ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
Директор: Златко Димовски
тел: 3 220 827
www.khigiena.com.mk

ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“
Директор: Љупчо Димовски
тел: 3070 112

ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“
Директор: Игор Арнаудов
тел: 3 220 839
www.vodovod-skopje.com.mk
-Реони за наплата и одржување на водоводна и канализациона мрежа

Реон 1 Центар
наплата тел: 3117 753
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа тел: 3 238 992
одржување канализациона мрежа тел: 3 137 123

Реон 2 Кисела Вода
наплата тел: 3116 987
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа тел: 2 782 609
одржување канализациона мрежа тел: 2 791 566

Реон 3 Карпош
наплата тел: 3 118 581
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа тел: 3076 407
одржување канализациона мрежа тел: 3062 174

Реон 4 Чаир
наплата тел: 3 117 673
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа тел: 2 671 888
одржување канализациона мрежа тел: 2 671 999

Реон 5 Гази Баба
наплата тел: 3 116 889
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа тел: 3 174 524
одржување канализациона мрежа тел: 3 174 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

Библиотека „Браќа Миладиновци“ 3162-544
Културно информативен центар 3115-238
Дом на култура „Кочо Рацин“ 3163-739
Младински културен центар 3115508
Музеј на град Скопје 3115-367; 3113-609
Универзална сала - Скопје 3245615
Зоолошка градина 3220-578

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

Противпожарна служба 193
Центар за управување со кризи 195
Електро-Скопје 02 3161454
Топлификација 02 3076200
Стационар Вардариште 075506090
Ургентен центар 02 3147147
Градска болница 02 3130311
Аеродром „Александар Велики“ 02 3148333; 02 3148336
Меѓуградска автобуска станица 02 2466011; 02 2466313
Железничка станица 02 3164255
МАТИЧНА СЛУЖБА - ГУВР 3117 037; 3117 766
САЛА ЗА ВЕНЧАВАЊЕ 3118 250
РЕПУБЛИЧКИ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ 975
СОС - КРИЗНИ СОСТОЈБИ НА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 12 222; 3136 400
СОС - ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО 9700
СОС - ИНФОРМАЦИИ И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 0800 11 111; 3173 424
Градски кина-Скопје 3137377
Кино Рамстор 3290153
Милениум 3120389
Драмски театар 3063388
Детски театарски центар 3290111
Македонска опера и балет-МОБ 3114511
Национална галерија на Македонија-Мала станица 3126856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

Општина Центар
3203 680
Општина Кисела Вода
2785 400
Општина Аеродром
2400 970
Општина Карпош
3061 507
Општина Гази Баба
3226 655
Општина Чаир
2616 865
Општина Бутел
2616 868
Општина Шуто Оризари
2650 584
Општина Ѓорче Петров
2039 307
Општина Сарај
2050 289


Есен во Градскиот парк